Врз основа на член 5, 6, 18 и 104 од Законот за здруженија на граѓани и фондации (Службен весник на Р. Македонија бр. 52/10) и Одлуката за основање на Националната организација „Слоу Фуд Македонија", Битола на Националниот конгрес одржан на ден 14.04 2018 година го донесе следниот:

СТАТУТ

на

Национална организација „СЛОУ ФУД МАКЕДОНИЈА", Битола

I.ДЕФИНИЦИЈА И ЦЕЛ

Член 1

Општи одредби

Национална организација „Слоу Фуд Македонија", Битола е непрофитна, демократска, неполитичка, социјална организација, воспоставена на доброволна основа, која делува во согласност со принципите на „добра, чиста и правична храна", во одбрана на основните права, животната средина и јавните добра, со нагласок на централната улога на храната, како суштински елемент на правичниот и одржлив развој. На тој начин овозможувајќи му на секого да има пристап до задоволството од храната која е добра за нив, за тие кои ја произведуваат и за Планетата.

Национална организација „Слоу Фуд Македонија", Битола своите активности ги остварува во согласност со Уставот на РМ, законите и останатите прописи, Статутот и филозофијата на Меѓународната организација „Слоу Фуд" (Slow Food).

Националната организација „Слоу Фуд Македонија", Битола е сојуз на граѓански здруженија и заедници (граѓански иницијативи) на членови на Слоу Фуд и има својство на правно лице кое го стекнува со денот на уписот во Регистарот на здруженија на граѓани

Член 2

Назив и седиште

Името на сојузот гласи: Национална организација „СЛОУ ФУД МАКЕДОНИЈА", Битола а со истото значење може да се користат и кратенките: СЛОУ ФУД МАКЕДОНИЈА, Битола или меѓународниот назив: SLOW FOOD MACEDONIA, Bitola.

Националната организација „Слоу Фуд Македонија", Битола е со седиште во Битола: ул.Климент Охридски, бр.33/35, 7000 Битола, Република Македонија

Националниот одбор може да делегира отворање на оперативна канцеларија и во друго место.

Национална организација е на неопределено време.

Фотокопирањето е извршено на 20. 11. 2019 година во Централниот регистар на Република Северна Македонија. Копијата е верна на оригиналот што се наоѓа во збирката прилози.

Референт:

Член 3

Ознаки

Национална организација „Слоу Фуд Македонија“, Битола има свој печат и штембил.

Печатот го содржи логото на организацијата и го има следниот текст на македонски јазик:

Национална организација „Слоу Фуд Македонија“, Битола

Штембилот има правоаголна форма и го содржи следниот текст: Национална организација „Слоу Фуд Македонија“, Битола празно место за внесување на архивски број, датум и седиште.

Член 4

Визија и мисија

Визија:

Одржлива храна базирана на зачувувањето на биодиверзитетот и традицијата.

Мисија

Преку едукација кампањи и промоција, градиме гастрономска култура инспирирана од традицијата, разновидните земјоделски производи од локалните производители и знаењето на новите генерации за одржлив развој.

Член 5

Опфат и цел

Национална организација „Слоу Фуд Македонија“, Битола делува, во согласност со принципите утврдени во Манифестот на Слоу Фуд и со Статутот на меѓународната организација „Слоу Фуд“, за да му го овозможи на секого правото на задоволство од храна, без оглед на пол, раса, јазик, религија, политичко мислење, лична и општествена положба.

Ова неприкосновено право е поврзано со обврската за политичка, економска и социјална солидарност, кои овозможуваат заштита и зачувување на заедничките материјални и нематеријални добра, со што би се овозможило нивно правично споделување.

„Слоу Фуд Македонија“, Битола ќе се бори за суверенитет во сите негови форми и ќе ја унапредува заштитата на биолошката и културна разновидност на храна со почитување на трудот, животната средина и поврзаноста на луѓето со тоа, преку:

- промоција на правото на добра, чиста и правична храна за сите, што подразбира: вкус, квалитет, еколошката одржливост на процесот на производство, дистрибуција и потрошувачка, почитување на социјалната правда и достоинство на сите луѓе кои се вклучени во синџирот на исхрана;
- обрана на правото на суверенитет на храната; здобивање со право на достоинство за прашањата поврзани со храната, пијалоците, исхраната и гастрономските науки во целина;
- промовирање на заштитата на природната и културна биолошката разновидност; идентификување на прехранбените производи и методи на производство поврзани со територијата, промовирање на нејзината улога како заедничко средство;
- работа на заштита на законитоста во производството, дистрибуцијата и потрошувачката на храна;
- придонес за создавање на култура на здравјето, како јавно добро, да се брани и заштитува, со пристап до храна и балансиран начин на живот, ориентирани кон квалитет, разновидност, умереност;

20.111.2009
Фотокопирањето е извршено на ... во Централниот ре... Македонија. Копијата е верна ... наоѓа во збирката прилози.
Референт:

- едукација за храна и тренинг на сетилата за да бидат оспособени, со цел да се прави одговорен избор на храна, особено на помладата генерација;
- намалување на отпадот и фрлената храна;
- промоција на практиките кои ја почитуваат благосостојбата на животните;
- активности за заштита на животната средина, пејсажите, почвата и земјиштето; борба против климатските промени, истакнување на врската помеѓу производството и потрошувачката на храна и ресурсите од животната средина;
- промовирање на практики за повисок квалитет на живот, изработени од почитувањето на сезоните, животната средина и здравјето на потрошувачите, поттикнување на користењето на овие производи кои претставуваат максимален израз на квалитет;
- за поддршка на целосно почитување на културниот идентитет, со цел да се разменат и дискусија, без каква било дискриминација;
- подобрување на моделите на локалната економија преку производство и дистрибуција на храна;
- документирање и репродуцирање на локалната меморија, а особено традиционалното знаење поврзано со храната;
- придонес во развивање на мрежите на Тера Мадре Македонија и Слоу Фуд Млади Македонија и нивно понатамошно вмрежување на меѓународно ниво;
- придонесе за развој на меѓународната мрежа на Слоу Фуд;
- спроведување на меѓународни проекти за соработка во насока на унапредување на правото на добра, чиста и правична храна.

Член 6

Активности и дејност

Остварувањето на целите од член 3, „Слоу Фуд Македонија", Битола ги реализира преку:

- координација и работа на истражувачки проекти, каталогизација и промоција за заштита на биолошката разновидност на храната, борбата против растечката стандардизација на потрошувачката, промоција, организирање и учество во проекти за развој на еколошки форми на земјоделството;
- промовирање и поддршка на иницијативи со цел за зачувување и подобрување на историскиот и културниот идентитет на регионите, кои се поврзани со одредено специфично производство, особено преку воспоставување на Президиуми за заштита на биолошката разновидност;
- промоција на употребата на локални производи преку иницијативите кои се залагаат за скратување на синџирот на дистрибуција, директна врска меѓу производителот и копроизводителот, организирање на активности за гастрономски и вински туризам;
- развој на мрежа на односи, активности и иницијативи на локално и на меѓународно ниво меѓу заедниците на храна, која е формирана од страна на сите учесници во секторот за производство и преработка на храна;
- промоција, организација и координација на кампањи, комуникација и настани за подигнување на свеста, како и активности за застапување;
- промоција, организација и учество во едукативни активности, во училиштата и универзитетите, преку истражувачки проекти, координација и обука, во насока на

Фотокопирањето е извршено на 20. 11. 2019
во Централниот регистар на Република Македонија. Копијата е верна на оригиналот што се наоѓа во збирката прилози.
Референт:

целосна имплементација на правото на образование, здравствена едукација, сензорна едуакција и развој на правилна култура на храна;

- унапредување и организација на едукативни размени;
- организација на програми за едукација за храна помеѓу членовите, заедно со производителите и експертите со цел поширок познавања на историските корени и производните процеси од областа на курсот;
- стимулирање на иницијативи за подобрување на секојдневна исхрана
- работа со волонтери кои даваат придонес во заедницата и кои придонесуваат за постигнување на целите на организацијата;
- учествуво на национални и меѓународни настани и конференции, форуми, и саеми;
- обезбедување на фондови за поддршка, тинк-тенкови, издаваштво и промотивни иницијативи;
- вклучување во сите активности кои не се во спротивност со определбите на организацијата.

II.ЧЛЕНОВИ

Член 7

Членување во „Слоу Фуд Македонија", Битола

Членови на Националната организација „Слоу Фуд Македонија", Битола се здруженија и заедници (неформални граѓански иницијативи), наречени „конвивиуми" кои го носат името и логото на Слоу Фуд и делуваат според филозофијата и статутот на меѓународната организација „Слоу Фуд" и во кои членуваат граѓани како индивидуални членови на „Слоу Фуд",

Член 8

Постапка за прием во членство

Потенцијалниот член поднесува формално барање за прием во членство до „Слоу Фуд Македонија", Битола.

Барањето се разгледува на првиот нареден состанок на Националниот одбор.

Членството се регулира со потпишување на „Протоколот за конвивиум„ и донесување на одлука на Националниот одбор во координација со меѓународната организација „Слоу Фуд".

Секој (потенцијален) член има право на жалба против одлуката на Националниот одбор за (не)прием во членство по која конечно одлучува Националниот совет.

Секое укинување на конвивиум не вклучува губење на статус на член на „Слоу Фуд Македонија", Битола.

Член 9

Права и обврски на членовите

Членовите на „Слоу Фуд Македонија", Битола имаат права и обврски согласно со одредбите на овој Статут и позитивните законски прописи. Членовите на организацијата активно учествуваат во спроведување и остварување на програмските цели, задачи и определби, преку:

- учество во заеднички програмски и административни активности;
- учество во носење на одлуки;

Фотокопирањето е извршено на 20. 11. 2019 година
во Централниот регистар на Република Македонија. Копијата е верна на оригиналот што се наоѓа во збирката прилози.
Референт:

- користат привилегиите кои произлегуваат од одлуките и работата на Слоу Фуд Македонија;
- имаат право да бидат бирани и да бираат;
- имаат обврска да ја регулираат членарината за своите членови и обврските поврзани со тоа до „Слоу Фуд Македонија", Битола;
- имаат обврска да ги почитуваат, следат и промовираат мисијата, филозифијата и Статутот на Слоу Фуд;
- и други права и обврски согласно овој Статут и другите интерни акти.

Член 10

Престанување на членство

На член на организацијата, членството му престанува, во случај кога:

- се исклучува од членство од страна на Националниот одбор на „Слоу Фуд Македонија", Битола заради:
  - повреда на Статутот на „Слоу Фуд Македонија", Битола,
  - повреда на Статутот на меѓународната организација Слоу Фуд,
  - прекршување потпишаниот „ Протокол на конвивиумот"
  - активности против интересите и програмските одредби на организацијата
- конвивиумот кој повеќе од 1 година нема активни членови во својот состав, регистрирани во регистарот на Слоу Фуд
- меѓународната органзиација Слоу Фуд го затвори конвиивумот
- конвивиумот се распуштил со одлука на Собранието на конвивиумот, со мнозинство од две третини од членовите.

Околностите кои и довеле до губење на правото на членство, повлекуваат и укинување на правото за користење на логото и името на „Слоу Фуд".

Член 11

Регистар на членови

Организацијата води регистар на конвивиуми и на индивидуални членови на Слоу Фуд. Податоците од регистарот и евиденцијата се ажурираат најмалку еднаш годишно.

Организацијата ја гарантира анонимноста на личните податоци на членовите кои се заштитени во согласност со прописите за заштита на личните податоци и класифицирани информации.

III.ЗДРУЖУВАЊЕ НА МРЕЖАТА

Член 12

Членство во мрежи

Националната организација „Слоу Фуд Македонија", Битола е дел од меѓународната мрежа на Слоу Фуд, што е определено и во нејзиниот Статут. Нивниот меѓусебен однос се уредува со меѓусебен годишен договор.

Организацијата може да се здружува во други сојузи, организации или други форми на здружување на здруженија на граѓани и невладини организации, заради

Фотокопирањето е извршено на ... во Централниот регистар ... Македонија. Копијата е верна на ... наоѓа во збирката прилози.
2200.111.22019
Референт:

унапредување на заедничките активности, за усогласување на посебните и заедничките интереси во областа за која се основани, како и за остварување на други прашања од заеднички интерес.

Истотака, може да основа трговско друштво за остварување на своите прокламирани цели и задачи, во согласност со Закон.

IV.ОРГАНИ НА СЛОУ ФУД МАКЕДОНИЈА

Член 13

Органи на „Слоу Фуд Македонија", Битола

Се национални органи на политичко лидерство, управување и контрола на Друштвото:

- Генерално собрание
- Национален одбор;
- Претседател на Националниот одбор;

Член 14

ГЕНЕРАЛНО СОБРАНИЕ

Генералното собрание е највисок орган на Националната организација „Слоу Фуд Македонија", Битола кој го сочинуваат претставници од сите членки на организацијата.

Генралното собрание одржува две форми на седници:

- Годишна седница или Национален совет се свикува и се одржува најмалку еднаш годишно и на неа учество земаат претставници од сите членки т.е. лидерите на конвивиумите
- Изборна седница или Национален конгрес се свикува и се одржува секоја четврта година во чија работа учествуваат делегати од сите членки, делегирани според Правилникот за организирање на Национален конгрес, со што се запазува репрезентативноста на членовите на Слоу Фуд во конвивиумите.

Член 15

Надлежности на Генерално собрание

Годишната седница на Генералното собрание е валидна доколку се присутни повеќе од половина од вкупниот број на учесници.

Генерално собрание на Годишната седница (Националниот совет), ги разгледува следните прашања:

1. избор на Претседавач на Националниот совет со мандат од четири години;
2. претставување, разгледување и усвојување на годишната програма за работа и предлог годишниот буџет за претстојната година;
3. претставување, разгледување и усвојување на годишниот наративен и финансиски извештај за претходната година;
4. по потреба се претставуваат, разгледуваат и предлагаат измени на стратешките документи;

Фотокопирањето е извршено на 20. 11. 2019 год.
во Централниот регистр...
Македонија. Копијата е верна на ...
наоѓа во збирката прилози.
Референт:

5. презентација и разгледување на извештајот за работата на Националниот одбор;
6. изготвување и утврдување на програмски определби и програми за работа;
7. утврдување на предлог на календарот со национални и меѓународни настани;
8. идентификуваат проблемите предлагање на главни национални кампањи;
9. претставување, разгледување и одобрување на Статутот на конвивиумите;
10. предлагање на замена на член на Националниот одбор, во случај на попреченост за извршување на функцијата или оставка на член на Национаиот одбор, од редот на лидерите на конвивиумите;
11. воспоставување на правила и прописи за одобрување на свикување на Националниот конгрес и материјали за конгресот; подготовка и донесување на Правилникот за организирање на Националниот когрес
12. свикување на редовна или вонредна седница на Национален конгрес;
13. објавување на повик до конвивиумите во текот на следните 20 дена да одржат Годишни собранија, на кои ќе ги изберат делегатите за Националниот конгрес и ќе се разгледаат предлог документите кои треба да се донесат на конгресот,
14. прием на листи со предлозите за делегати и набљудувачи на Националниот конгрес;
15. одредување на Претседавач на Националниот конгрес
16. предлагање на членови на органите на Националниот конгрес и
17. прием на предлог листи за Националниот одбор.

Генерално собрание на Националниот конгрес, ги разгледува следните прашања:

1. избор на Претседателство на конгресот, Изборна комисија и Комисија за верификација и следење на текот на конгресот;
2. дефинирање на политиката за членство;
3. презентација на постигнувањата од изминатиот период и реализацијата на Стратешкиот план за истиот период;
4. усвојување на Стратешкиот план на организацијата за следниот период од 4 години;
5. одобрување на измени во внатрешната организација и органите на организацијата;
6. донесување измени на Статутот на организацијата;
7. избор на Национален одбор;
8. носење на одлука за престанок на функционирање на организацијата со двотретинско мнозинство од вкупниот број делегати на конгресот.

Член 16

Работа на генералното собрание

Седниците се одржуваат најдоцна до крајот на март во тековната за претходната година.

Годишната седница (Националниот совет) ја свикува Националниот одбор на организацијата, најдоцна 1 недела пред одржувањето, додека Изборната седница (Националниот когрес), се свикува после по одржување на Годишната седница во рок од 1 месец.

Претседавачот на Генералното Собрание заедно со Националниот одбор, го подготвува дневниот ред за Годишната седница и се грижи истиот да се достави до учесниците, навремено.

Лидерите и делегатите (членови со право на глас) се известуваат најдоцна 1 недела пред датумот на одржување на Годишната седница писмено, по пошта или преку електронска

Фотокопирањето е извршено во Централниот регистр... Македонија, ... наоѓа во збирката прилози.
20. III. 2019
Референт:

пошта, со сите потребни документи (покана, дневен ред и сите документи содржани во дневниот ред).

Ако е потребно, може да се состанат и преку видео конференција или телефонски или со други соодветни средства за комуникација, под услов сите членови имаат можност за интервенција во дискусијата и го презентираат пред другите своето размислување.

Генералното собрание своите одлуки ги носи со просто мнозинство (потребно е за одлуката позитивно да се изјасни мнозинството од присутните учесници на Собранието, притоа:

- одлуката за усвојување и измена на Статутот со апсолутно мнозинство (потребно е за одлуката позитивно да се изјасни мнозинството од вкупниот број на учесници на Собранието)
- одлуката за престанок на работа на организацијата со квалификувано мнозиство (две третини од вкупниот број на учесници на Собранието)

Член 17

Постапка за Изборна седница

Секој делегат на Изборната седница (Национален конгрес) на Генералното собрание има право на еден глас.

Националниот конгресот се одржува на секои четири години, во согласност Статутот и актите утврдени од страна на Националниот совет, кој го објавува повикот.

По објавувањето на повикот, конвивиумите одржуваат годишни собранија, каде се разгледуваат сите прашања и предлози кои ќе се разгледуваат на конгресот и ќе се изберат делегати за конгресот.

Секој конвивиум, при изборот на делегати се води според критериумите за избор, пропишани во „Правилник за организирање на Национален конгрес", со цел да се гарантира соодветно демократското учество и пропорционална застапеност на сите членови на канвивиумите.

Член 18

Вонредни седници на Генералното собрание.

Вонредна Годишна седница може да се одржи на барање на Националниот одбор или по писмено барање од една третина од лидерите на членовите на организацијата;
Вонредната седница се одржува најдоцна во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на барањето за одржување.

Барањето од една третина на лидерите со потпис се доставува до членовите на Националниот одбор и Претседателот е должен да ја закаже седницата во рок од 1 месец, доколку Претседателот не го свика Собранието во предвидениот рок, тогаш одговорноста ја превзема иницијативниот одбор кој побарал одржување на седница.

Вонредна Изборна седница (Национален конгрес) може да биде свикан од страна на членовите на Националниот совет или на барање на поголем број на конвивиуми кои претставуваат најмалку една третина од членството на Слоу Фуд во Македонија, што го утврди Националниот совет кој го свикува конгресот во рок од 60 дена од денот на поднесување на барањето.

Вонредната Национален конгрес не може да се свикува за помалку од 6 месеци од претходната синица.

Фотокопирањето е извршено на 20.11.2019
во Централниот регистар на Република Македонија. Копијата е верна на оригиналот што се наоѓа во збирката прилози.

Референт:

Делегатите писмено, по пошта со сите потребни документи (покана, дневен ред и сите документи содржани во дневниот ред) се известуваат најдоцна 7 дена пред датумот на одржување на Вонредното собрание; во случаи на итност оправдани, известувањето може да биде од еден ден.

Член 19
НАЦИОНАЛЕН ОДБОР

Националниот одбор е управен и извршен орган на организацијата и ги спроведува одлуките на Генералното собрание.

Националниот одбор се состои од пет члена, вклучувајќи еден претставник делегиран од меѓународната организација Слоу Фуд.

Останатите 4 членови се избираат за време на Националниот конгрес со гласање од предложени кандидатски листи и нивниот мандат трае 4 години.

Националниот одбор е одговорен за:

- избор на Претседателот на Националниот Одбор и ратификување на престанокот на неговиот мандат;
- обезбедување на организациски алатки за спроведување на Стратешкиот план и годишните програми;
- подготовка на годишни буџети и завршни финансиски извештаи кои потоа ги доставуваат до Генералното собрание;
- обезбедување на јавност на своите состаноци, на документите на органзацијата и годишните финансиски извештаи;
- планирање на календар со активности кој треба да се достави до Генералното собрание;
- одржување на комуникација со Меѓународниот извршен комитет на Слоу Фуд за координација на активностите на национално и меѓународно ниво со оние на меѓународната организација;
- утврдување на модалитетите на спроведување на национални кампањи;
- назначува претставници на организацијата во органи и комисии на национални и меѓународни, јавни и приватни институции;
- поддршка за воспоставување на конвивиуми и донесува одлука за нивно зачленување во организацијата
- контрола за почитувањето на Статутот и актите од страна на членките на организацијата;
- ратификување на изборот на нови лидери на конвивиумите, кои се членови на Генералното собрание;
- предложи почесни позиции во конвивиумите или на национално, за што подготвува прописи за именување;
- одобри одземање на овастувањата на лидерот на конвивиумот, ако не ги извршува своите задачи, и со организирање и управување со активности се сметаат за штетни, некомпатибилни и во спротивност со целите на организацијата;
- одобри прописите кои го регулираат начинот на водење на компанијата сметки, обуки, дисеминација и усвојување на Извештајот за асоцијативна тек;

Фотокопирањето е извршено на 20.11.2019
во Централниот регистар ...
Македонија. Копијата е верна на ...
наоѓа во збирката прилози.
Референт:

- формира комисии и работни групи и работилници за посебни прашања, задачи и именува нивните членови;
- назначува лица одговорни за одредени прашања или области на активност и дефинирање на нивните услови;
- за следење и заштита на користење на неговите трговски марки, а во случај на прекршување на „Правилникот за користење на трговската марка", неовластено користење и / или злоупотреба, го повлече даденото овластување и да се спречи неговата употреба;
- одобрува доделување на посебни овластувања и / или овластувањата на адвокат на трети лица за извршување на посебни функции;
- свикува, организира работни состаноци на национално ниво и помеѓу конивиумите;
- ја утврдува висината на членарината за индивидуалните членови на Слоу Фуд во Македонија;
- да го унапредуваат членството преку овозможување на придобивки за за членовите;

Националниот одбор го свикува Претседателот на НО или некој друг член секогаш кога тоа е потребно. Состанокот се свикува во писмена или електронска форма со испраќање на покана и материјали преку интернет или на друг начин да се обезбеди навремен прием, и треба да содржи дневен; во итни и оправдани случаи, известувањето може да биде од еден ден.

Доколку е потребно, може да се оствари состанокот преку видео конференција или пишана комуникација електронска коминикација, под услов сите членови да имаат можност да изнесат свое размислување и да учествуваат во дискусијата.

Член 20
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА НАЦИОНАЛЕН ОДБОР

Претседателот на Националниот одбор ја застапува и претставува организацијата во правниот промет и има права и должности на финансиски налогодавец.

Претседателот се избира меѓу членовите на Националниот одбор на состанок и има мандат од 4 години.

Претседателот, исто така, ги врши следниве функции:

- го свикува и претседава со Националниот одбор;
- ја застапува и претставува организацијата пред трети лица;
- се грижи за материјално-финансиското работење е и потписник е на сметката организацијата;
- го потпишува Статутот и другите акти што ги донесуваат органите на организацијата;
- ги спроведува одлуките што ги донесуваат органите на организацијата;
- ја координира работата на постојаните и повремените работни тела на организацијата и тимот на Извршната канцеларија поврзано со работата на мрежата и конвивиумите, поврзано со програмските и административните активности;

Фотокопирањето е извршено на 20.11.2009 во Централниот регистр... Македонија. Копијата е верна на... наоѓа во збирката прилози.
Референт:

- врши и други работи што ќе му ги довери Генералното собрание и Националниот одбор во согласност со Статутот и другите општи акти и превземените обврски организацијата.

Меѓу членовите на Националниот одбор се назначува негов заменик, кој автоматски ќе ја преземе власта и функциите во случај на отсуство и / или спреченост;

Член 21

ИЗВРШНА КАНЦЕЛАРИЈА

Извршната канцеларија е одговорна за програмските, комуникациските и административните активности, преку кои организацијата ги спроведува своите цели и институционални обврски.

Тимот на извршната канцеларија ги има следните задачи:

- Соработува со Националниот одбор во врска со сите аспекти на работењето на Слоу Фуд Макеоднија и на кого му одговара за својата работа;
- Ги спроведува и извршува одлуките на Националниот одбор;
- Заедно со Националниот одбор го координира и организира тековното работење на организацијата во согласност со законот, овој Статутот и интерните акти на организацијата;
- учествува во креирање и реализација на програмските активности;
- подготвува информации, анализи, нацрти на општи и други акти за потребите на организацијата и целата мрежа на Слоу Фуд;
- Застапување и лобирање;
- Креира и менаџира национални кампањи;
- Организира настани;
- Подготвува и менаџира проектни апликации;
- Учествува во прибирање на фондови;
- Извршува комуникациски и промотерски активности;
- Административни задачи;
- Го води регистарот на членови на Слоу Фуд;
- Учествува во подготовка на годишните планови со активности и буџет;
- Учествува во подговотовката на годишните наративни и финансиски извештаи;
- Ја поддршува работата на конвивиумите и активностите на членовите на Слоу Фуд;
- Организира тренинзи, семинари и работилници за градење на капацитетитие на членовите и конививумите;
- Учествува во обезбедување на поддршка на конвивиумите и членовите на Слоу Фуд при спроведување на програмата на организацијата Извршната канцеларија обезбедува информации, податоци, совети, сугестии, со кои се помага работењето на конвивиумите и членовите на Слоу Фуд во Македонија;
- Обезбедува придобивки за членовите на Слоу Фуд;
- Се грижи за спроведување на интерните процедури и го известува за секоја воочена провредена;
- Извршната канцеларија подготвува Стратегија за комуникации која ја усвојува Националниот одбор на организацијата;

Фотокопирањето е извршено на 22.07.2019
во Централниот регистар на Република Македонија. Копијата е верна на оригиналот која се наоѓа во збирката прилози.
Референт:

- Ги врши сите плаќања и финансиско работење;
- По налог на Националниот одбор, врши други работи од областа на тековното работење на организацијата;

Националниот одбор, го уредува составот и функционирањето на извршната канцеларија, вработените и соработниците.

Внатрешната организациска структура е координирана од страна на Националниот одбор и истата е дизајнирана во функционалните области идентификувани во согласност со принципите на стабилност, објективност, транспарентност, максимална ефикасност и ефективност во работењето.

Членовите на извршната канцеларија може да бидат во редовен работен однос, хонорарно ангажирани соработници или волонтери, избрани на отворен конкурс распишан од организацијата. Покрај стручните квалификации, како критериум се зема членувањето и активизмот во Слоу Фуд.

Персоналот во извршната канцеларија има посебна одговорност за односот кон податоците и документите на организацијата во поглед на нивното користење и објавување.

V.ФИНАНСИРАЊЕ

Член 22

Прибирање на средства

Средствата кои ги прибира и со кои оперира организацијата се наменети за да се обезбеди нејзино непречено функционирање и за реализација на своите цели.

Средствата за работа на „Слоу Фуд Македонија", Битола се обезбедуваат на следните начини:

- членарина од членовите на Слоу Фуд;
- проектни апликации и наменски средства за реализација на проекти од донатори;
- донации од поединци;
- грантови од јавни институции;
- донации и спонзорства од приватни субјекти;
- организирани кампањи и настани за пробирање на средства;
- проходи од организирани настани;
- продажба на публикации и други производи на организацијата;
- приходи од економски активности на организацијата, консултантски услуги и други сервиси;
- изнајмување на подвижен и недвижен имот на организацијата.

Прибирањето на средствата се врши согласно „Правилник за прибирање на фондови" кој го донесува Националниот одбор.

Фотокопирањето е извршено на 22.11.
во Централниот регистар
Македонија. Копијата е веро
наоѓа во збирката прилози.

Член 23

Финансиската година

Финансиската година започнува од 1 јануари и трае до 31 декември од годината.

Референт:

Националниот одбор изготвува планови со годишни буџети во согласност со планот активностите на организацијата за наредната година со наведување на потенцијалните извори за прибирање на средства.

Националниот одбор подготвува годишен финансиски извештај за изминатата година со реализираните приходи и расходи кој го поднесува до Националниот совет на одобрување најкасно до 31 март во тековната година.

По одобрувањето извештајот се објавува на увид на членовите на Слоу Фуд и јавноста.

VI. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА И ИНФОРМИРАЊЕ

Член 24

Работата на „Слоу Фуд Македонија", Битола е јавна и отчетна кон членовите на Слоу Фуд и јавноста.

Јавноста се обезбедува преку:

- можност за присуство на членовите на Слоу Фуд на состаноците на сите тела на организацијата;
- редовно информирање на членовите на Слоу Фуд за активностите на организацијата преку електронски њузлетери;
- објавување на годишните наративни и финансиски извештаи;
- објавување на одлуките на органите на „Слоу Фуд Македонија", Битола на веб страната на организацијата;
- издавање брошури, списанија и други печатени и електронски изданија;
- континуирано објавување на информаци за активности на „Слоу Фуд Македонија", Битола на веб страната на организацијата

Јавноста се обезбедува и преку соработка со средствата за јавно информирање со кои се остварува целосно, независно и објективно информирање за работењето на „Слоу Фуд Македонија", Битола.

Органите на „Слоу Фуд Македонија", Битола можат да ја исклучат или ограничат јавноста на нивните седници и состаноци, кога тоа го наложува општиот интерес или кога се разгледуваат документи и информации од доверлива природа.

Членовите на органите на „Слоу Фуд Македонија", Битола и вработените во извршната канцеларија се должни да ги чуваат како деловна тајна сите известувања и податоци кои се однесуваат на работењето на „Слоу Фуд Македонија", Битола и нејзините членки, а имаат статус на доверливи, односно со посебен акт се утврдени како деловна тајна.

Лицата кои даваат податоци и информации во врска со работата на „Слоу Фуд Македонија", Битола се одговорни за нивната вистинитост и точност.

Член 25
ЛОГО НА СЛОУ ФУД

Фотокопирањето е извршено на 20.11.2019
во Централниот регистар на Република Македонија. Копијата е верна на оригиналот што се наоѓа во збирката прилози.
Референт:

Името и логото на организацијата „Слоу Фуд" се регистрирани трговски марки на организацијата, кои се доделени на користење со меѓусебен договор на „Слоу Фуд Македонија", Битола од страна на меѓународната организација „Слоу Фуд" , што се однесува и за сите сите имиња и логоа изведени од истото.

Заедно со интернет домените и профилите на социјалните мрежи, кои го носат името на организацијата претставуваат дел од капиталот.

Нивното управување е во надлежност на Националниот одбор кој доделува право на употреба на логото на конвивиумите, во процесот на регистрација, во согласност со барањата од „Правилник за користење на логоа на Слоу Фуд", кој е составен дел правилниците кои конвивиумите се обврзуваат да ги почитуваат во целост.

VII. ПРЕСТАНОК СО РАБОТА НА „СЛОУ ФУД МАКЕДОНИЈА„

Член 26

Националната организација„Слоу Фуд Македонија", Битола ќе престане со работа:

- врз основа на одлука на Националниот конгрес на „Слоу Фуд Македонија", Битола ако за тоа одлучат членовите, одлуката се донесува со најмалку две третини од вкупниот број на делегати на конгресот;
- при одземање на правото на користење на името и логото од страна на меѓународната организација „Слоу Фуд", во случај на неусогласености со нејзиниот Статут и непочитување на меѓусебниот договор и обврски;
- Уставниот суд на Република Македонија донесе одлука дека програмата и статутот не се во согасност со Уставот;
- во други случаи утврдени со закон.

Член 27

Во случај на престанок на работата на „Слоу Фуд Македонија", Битола Претседателот на Националниот одбор е должен во рок од 15 дена да го извести надлежниот орган за бришење од регистарот на Здруженија.

Член 28

Целиот подвижен и недвижен имот кој ќе го стекне организацијата во текот на својата работа е нејзина сопственост и може да се користи исклучиво во функција на остварување на своите програмски цели, во согласност со одлуките на овластените органи.

Во случај на престанок со работа на организацијата, одлука за имотот на организацијата донесува Националниот конгрес на организацијата, кој назначува еден или повеќе ликвидатори, кои имотот и другите права и приходи што остануваат по намирувањето на обврските, ќе одлучат да ги доделат на една или повеќе организации кои извршуваат слични цели на оние на „Слоу Фуд Македонија", Битола.

Ротокопирањето е извршено на 20.11.2019
во Централниот регистар на Република Македонија. Копијата е верна на оригиналот што се наоѓа во збирката прилози.
Референт:

VIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 29

Право на толкување на одредбите на овој статут има Генералното собрание за време на Националниот конгрес, а помеѓу два конгреси, тоа право го извршува Националниот совет.

Член 30

Измени и дополнувања на овој статут се вршат по иста постапка како и при негово донесување.

Измените и дополнувањата можат да ги предложат органите на организацијата.

Член 31

Овој Статут влегува во сила со денот на неговото донесување.

Место и датум:
Скопје, 14.04 2018

Претседател на Националниот одбор
на „Слоу Фуд Македонија", Битола,

Николче Николовски

Фотокопирањето е извршено на 20.11.2019 во Централниот регистр... Македонија. Копијата е верна на ... наоѓа во збирката прилози.

Референт: